Бр. 17-599/3
Скопје, 01.04.2025 година

Врз основа на член 6, во врска со член 13 од Деловникот за работа на Комисијата за стручни стоматолошки прашања бр.02-1404/1 од 07.11.2018 година, а во врска и постапувајќи по Известување од министерот за здравство во врска со Извештај од работата на Комисијата за вршење на надзор над законитоста на работата во вршењето на јавното овластување на Стоматолошката комора на Македонија бр. 17-2579/2 од 11.03.2025 година (примено во Комората на 19.03.2025 г.), Комисијата за стручни стоматолошки прашања во состав: доц. д-р Денис Бафтијари – претседател, проф. д-р Киро Папакоча-заменик на претседателот, проф. д-р Наташа Спасова, проф. д-р Ана Белазелковска Грежловска и вон. проф. д-р Катерина Златановска, на својата седница одржана на ден **01.04.2025 година**, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Решението број **17-599/2 од 07.03.2025 година** за одобрување на настан *''симпозиум со меѓународно учество''* на **МСД-Здружение на специјалисти по орална хирургија и имплантологија**, со наслов: „МЕНАЏМЕНТ НА РИЗИЧНИ ПАЦИЕНТИ ПРИ ОРАЛНОХИРУРШКИ ИНТЕРВЕНЦИИ'' **се става ВОН СИЛА.**

Образложение

На ден 19.03. 2025 година до Стоматолошката комора на Македонија доставено е Известување од Министерот за здравство во врска со Извештај од работата на Комисијата за вршење на надзор над законитоста на работата во вршењето на јавното овластување на Стоматолошката комора на Македонија бр. 17-2579/2 од 11.03.2025 година со задолжувања. Постапувајќи по Известувањето а согласно образложението на Министерството за здравство дека здруженијата во состав на друштвата со оглед дека не се регистрирани во Централниот регистар и немаат сопствена активна сметка не можат да бидат спроведувачи на континуирано стручно усовршување се одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е **жалба** до Извршниот одбор на Комората, во **рок од 15 дена** по приемот на решението.

Решено во СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
бр. 17-599/3 од 01.04.2025 година

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА,
Комисија за стручни стоматолошки прашања
Претседател,
Доц. д-р Денис Бафтијари

М.П.